АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ОБЈАВА НА ОГЛАС БР .**06/2013**

*во хартиена форма која завршува со е-аукција*

# За **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема**

Скопје јуни 2013

Содржина на тендерска документација

1.Инструкции за понудувачот
2.Изјави
3.Образец на понуда
4.Техничка спецификација за набавка на преносен компјутер лап топ Табела Т 1
5. Техничка спецификација за набавка на персонални компјутери и монитори Табела Т2
6. Техничка спецификација за набавка на  ласерски печатари Табела 3
-Техничка спецификација за Набавка на мултифункциски ласерски печатари
 7.Листа на цени
8..Задолжителни  одредби на Договор за  Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема
9.Образец  на  Изјава за исполнување на критериуми за утврдување на способност
10.Образец на  Изјава за сериозност на понуда
11.Изјава за квалитетно извршување на договорот

**Инструкции за понудувачите**

**1. Договорен орган**

Договорен орган е Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со адреса на ул. „Орце Николов“ бр. 138 Скопје, телефон за контакт 3226-072 факс 3213-206, електронска адреса **aneta.todorovska@addelpro.mk**, лице за контакт Анета Тодоровска, стручно лице за контакт, Ристе Крстевски, тел. 076-361-381

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

2.1. **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема**

Подетален опис на предметот на набавката: Набавка на brand name компјутерска опрема согласно техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.(Прилог Т1,Т2,Т3,).

2.2. Предметот на договорот е неделив.

3. Начин на испорака

Испораката да биде до седиштето на договорниот орган, согласно прилог Т1, Т2, Т3 од техничката спецификација.(со уредно заверена гаранција на опремата).

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**5. Рок на испорака**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рокот даден во прифатената понуда од денот на склучување на договорот за јавна набавка, и истиот е подетално даден во член 5 од Моделот на Договор за Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема

6.**Место на испорака-** до седиштето на Договорниот орган.

**7. Начин на плаќање**

Начин на плаќање-вирмански во рок од 30 дена од приемот на фактурата(со уредно потпишана испратница, инсталација, конфигурација, креирање на кориснички акаунти пријавување на клиентските компјутери во домеин средината на domain controller во постоечката инсталација и обука за менаџирање на истиот), во Архивата на Набавувачот.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

7.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

7.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, односно регистрирана дејност соодветна на точката од барањето за која се однесува понудата.

7.3. Економска и финансиска состојба

Критериуми за утврдување на економската и финансиската состојба на понудувачот се:

- Извештаи за биланси на состојба и успех заверени од надлежен орган од прометот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка за последните три години(согласно член 150 од ЗЈН)
- Работење со добивка во последните три години
- Остварен промет од најмалку **3.000.000,00** денари на годишно ниво од активности поврзани со дејноста која е предмет на набавката

7.4. Техничка или професионална способност

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот се:

-Најмалку 3( три) реализирани договори од типот кој е предмет на јавниот повик склучени со купувачи (договорни органи или економски оператори), во последните три години и тоа секој од договорите да е склучен за набавки на компјутерска опрема чија вредност не е помалку од **1.000.000,00** денари.

-Листа на вработени лица кај економскиот оператор кои ќе бидат

одговорни и вклучени во реализација на набавката и обезбедување на сервисната услуга во гарантниот рок на опремата од кои најмалку 2 два специјалисти за продажни и постпродажни услуги ,

-Понудувачот да обезбеди овластен сервис во и вон гарантен рок за сервисирање на опремата.

7.5. Стандарди за системи за квалитет

Сертификат за имплементирани ISO 9001:2000 Стандарди за квалитет во работењето

-Добавувачот е должен да испорачува стоки со квалитет согласно македонските стандарди кои се во согласност со европските стандарди и да гарантира за квалитетот на истите. Гарантниот рок на опремата е наведен во техничката спецификација

7.6 Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.

## 8. Начин на докажување на способноста на понудувачот

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда. Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација:

8.1. За докажување на личната состојба:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 8.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот на барање на комисијата. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото

да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

Согласно со член **102, став 4 од Законот за јавните набавки**, понудувачот не треба со својата понуда да ги достави горенаведените документи предвидени со законот како доказ за личната состојба. Наместо тоа, понудувачот поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната состојба, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

Комисијата ќе прифати документи за утврдување на личната состојба кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна до денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

8.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност ДРД образец како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

8.3. За докажување на економската и финансиската состојба:

- -извештај за билансот на состојбата заверен од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба, или извадоци од извештајот за билансот на состојба во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран;
- извод од целокупниот промет на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што е соодветно, од прометот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

2.4.1. Доколку билансите на состојба и успех биле предмет на комерцијална ревизија, економскиот оператор може да ги достави истите како доказ дека го исполнува минималниот услов за утврдување на економската и финансиската состојба без да бидат дополнително заверени од надлежен орган

2.4.2. Доколку билансите на состојба и успех не биле предмет на комерцијална ревизија, економскиот оператор ги доставува истите

заверени, односно издадени од надлежен орган како доказ дека го исполнува минималниот услов за утврдување на економската и финансиската состојба. Надлежен орган во Република Македонија е Централниот регистар на Република Македонија.

2.4.3. Економската и финансиската способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект. Ако економскиот оператор ја докажува својата економска и финансиска способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните финансиски средства. Против субјектот кој ја обезбедува финансиската поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари.

Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на економски оператори настапува со финансиска поддршка од трет субјект, економската и финансиска состојба се утврдува согласно напред наведеното

8.4. За докажување на техничката или професионалната способност:

Понудувачот да достави листа на реализирани испораки на стоки од типот кој е предмет на Јавниот повик, кој ги извршил или ги извршува во последните три години , со вредности, датуми купувачи (договорни органи или економски оператори)

- Понудувачот да достави најмалку 3(три) реализирани договори од типот кој  е предмет на јавниот повик, склучени со купувачи (договорни органи или економски оператори) во последните три години и тоа секој од договорите да е склучен за набавки на компјутерска опрема чија вредност не е помалку од **1.000.000,00 денари** .

-Понудувачот да достави изјава за ангажиран технички персонал (вработени кај него) со образовни и професионални квалификации односно лицата ќе бидат одговорни и вклучени во постапката за испораката на стоката и особено на лицата задолжени за обезбедување на услугите во гарантниот и пост-гарантниот  период.

-изјава на економскиот оператор за просечниот годишен број на вработени  и за бројот на раководен кадар во последните три години.

-изјава за овластен сервис на опремата која понудувачот ја нуди во набавката

-Документ издаден на понудувачот за авторизација од производителот на понудената опрема со кој се овластува понудувачот да ја нуди опремата на јавниот повик(MAF)

8.5. За исполнување на стандардите за системи на квалитет:

Сертификат за имплементирани  ISO 9001:2000 Стандарди за квалитет во работењето

## 9. Изготвување и поднесување на понудите

### 9.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“ и ____ копии кои ги означува со ознака „копија“. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластено лице од страна на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

### 9.2. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

### 9.3. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба
- Изјава за сериозност на понудата
- Документ за регистрирана дејност
- Парафирани и со печат заверени изјави кои се бараат со тендерската документација.
- Парафирани и со печат заверени задолжителни одредби на договор

9.4. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

9.5. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 60 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

9.6. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

9.7. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

## 10. Краен рок и место за поднесување на понудите

10.1. Краен рок за поднесување на понудите е **17.06.2013** година во **12,00** часот.

10.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса
Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје ул. „Орце Николов“ бр. 138 Скопје, барака 6.

## [11. Јавно отворање и евалуација на понудите

11.1. Јавното отворање на понудите ќе се изврши на датумот и во часот утврдени како краен рок за поднесување на понудите на следнава локација:
Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје ул. „Орце Николов" бр. 138 Скопје, барака 6, сала за состаноци.
11.2. Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на Комисијата да и предаде писмено овластување од понудувачот.

11.3. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда. Во таков случај нема да се спроведе електронска аукција. Условот за спроведување на електронска аукција е во постапката да се пристигнати најмалку две прифатливи понуди.

**Начин на комуникација со Договорниот орган-писмена**,по пошта , на адреса на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје,ул„Орце Николов" бр.138 барака 6 Скопје.
Согласно член **56** од Законот за јавни набавки секое барање,информација, известување и други документи, се испраќаат во писмена форма.
Согласно член **57 став 1** од Законот за јавни набавки Документите се испраќаат по пошта, по факс, или со електронски средства.
Согласно член **57 став 3 од** од Законот за јавни набавки,документот кој бил испратен по факс, доставувачот е должен да го достави по пошта, или со користење на електронско средство во рок од два дена од денот на испраќање на документот по факс.

## 12. Критериум за доделување на договорот

12.1Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е економски најповолна понуда. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

12.2 Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:

Рок на испорака..................................... 10 бода
Цена ........................................90 бода

12.2 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/08).

## 13. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка

13.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

13.2. Оваа постапка нема да се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), освен во делот на електронската аукција која задолжително се спроведува преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk).

13.3. Подетални информации за користењето на електронски средства: За да можете да учествувате на електронската аукција, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[1] , по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Секое лице кое се регистрира како корисник на ЕСЈН, при пополнување на веб образецот за регистрација се запознава и дава согласност дека ќе ги почитува правилата и условите за користење на ЕСЈН. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори”.

13.4. Подетални информации за електронската аукција: Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Почетна цена на електронската аукција се првично поднесените цени на секој од квалификуваните понудувачи.

[1] Линк „Регистрирај се“ во делот „Економски оператори“ на почетната страна на ЕСЈН

Пред закажување на електронската аукција која се спроведува во постапка во која како критериум е избран економски најповолна понуда, комисијата прави целосна евалуација на првично поднесените понуди, при што доделува бодови за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда. Врз основа на спроведената евалуација и доделените бодови се формира почетна ранг листа на квалификувани кандидати.
На електронска аукција, понудувачите може да ги намалуваат своите првично поднесени цени и на тој начин да ги зголемат првично добиените бодови за елементот цена, додека бодовите доделени за останатите елементи остануваат непроменети како за времетраењето на е-аукцијата, така и по нејзиното завршување.
Поканите за учество на аукцијата ќе се достават во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН.Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена на адресата за е-пошта на лицето за контакт наведено во Образецот за понуда кое претходно е регистрирано во ЕСЈН.
Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на квалификуваниот понудувач, односно неговата првично поднесена цена; датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени). / , доделените бодови за секој елемент, како и почетниот тековен ранг на понудувачот направен врз основа на вкупниот број бодови доделени за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

## 14. Доделување на договорот за јавна набавка

14.1.Договорниот орган, по спроведената електронска аукција како последна фаза во постапката за барање за прибирање на понуди, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

14.2 Доколку две или повеќе понуди имаат ист број на вкупни бодови, за најповолна ќе биде избрана онаа понуда која прва ги постигнала најголемиот број на бодови.

14.3 Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда во првата фаза од постапката, односно да не се исполнети условите за одржување на електронската аукција, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на единствениот економски оператор кој поднел прифатлива понуда или  да ја поништи постапката доколку се поднесени цени понереални од реалните на пазарот.

14.5 Во случај во текот на аукцијата да нема негативно наддавање, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на

економскиот оператор чија првична понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда или да ја поништи постапката доколку се поднесени цени понераеални од реалните на пазарот.

14.6 По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата). / По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, избраниот понудувач ќе има обврска да го распредели намалениот износ на вкупната цена во споредба со првично понудената вкупна цена во рамки на ставките кои се составен дел на предметот на набавка.

**Предмет на електронската аукција ќе биде вкупната цена.**

Минимална разлика во процесот на негативно наддавање е 5% од почетната цена која е предмет на наддавање.

Максималната разлика во процесот на негативно наддавање е 10% од почетната цена која е предмет на наддавање.

**Електронската аукција ќе се одвива во еден круг со времетраење од 30 (триесет) минути со можност да се изврши автоматско продолжување на времето на негативно наддавање за дополнителни 3 минути, доколку во последните три минути од аукцијата се доставаат нови намалени цени.**

## 15. Известување за доделување на договорот за јавна набавка

15.1 По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој што поднел најповолна понуда во текот на негативното наддавање. Известувањето е од информативен карактер и не предизвиква правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

15.2 Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда.Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

**Гаранција за квалитетно извршување на договорот**

Исполнувањето на Договорот се гарантира со доставување на банкарска гаранција од страна на носителот на Набавката.

Банкарската гаранција треба да биде издадена од банка.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување ќе биде во валутата на која гласи Договорот**.**

Гаранцијата од точка се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Избраниот најповолен понудувач е должен во рок од 5 дена од денот на склучување на Договорот да достави банкарска гаранција за целосно, квалитетно, совесно и навремено извршување на Договорот во висина од 10**%** од вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ**.**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста.

7.5.7 Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

7.5.8 Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

7.5.9 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

**16. Правна заштита**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

**17. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка**

17.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

17.2 Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација.

**И З Ј А В А**

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме условите од Огласот бр.**06 /2013** за **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** и сите услови наведени во тендерската документација, врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда.

Скопје, ___.___ 2013 година. Понудувач,

____________________

(потпис на одговорно лице и печат)

**И З Ј А В А**

Изјавуваме дека со поднесувањето на понудата согласно Огласот **бр.06/2013** за **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** се согласуваме да сите направени трошоци за изготвувањето на понудата према тендерската документација се на товар на понудувачот.

Скопје, ___.___.2013 година. Понудувач,

_______________________

(потпис на одговорно лице и печат)

## И З Ј А В А

Изјавуваме дека со поднесувањето на понудата по Огласот бр.**06/2013** за набавка на **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** во целост ги прифаќаме Задолжителните одредби на договорот кој е составен дел на тендерската документација.

Скопје, ___.___.2013 година. Понудувач,

______________________

(потпис на одговорно лице и печат)

## И З Ј А В А

Изјавуваме дека, се согласуваме да испорачуваме стоки со квалитет согласно македонските стандарди кои се во согласност со европските стандарди и гарантираме за квалитетот на истите.

Скопје, ___.2013 година. Понудувач,

______________________

(потпис на одговорно лице и печат)

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **06/2013** објавен од страна на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** доделување на договор за јавна набавка со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

Име на понудувачот:
____________________________________________________

Контакт информации
Адреса: ____________________________________________
Телефон____________________________________________
Факс: ____________________________________________
Е-пошта____________________________________________
Лице за контакт______________________________________
Одговорно лице______________________________________
Даночен број________________________________________
ЕМБС ____________________________________________
Жиро сметка и депонентна банка
____________________________________________________

**Дел II – Техничка и Финансиска понуда**

**Техничката понуда треба да содржи:**

II.2 Единечни цени по дадени количини од спецификацијата и вкупна цена без ДДВ, потекло на стоките,производител и тип како и цени со вклучен ДДВ, за сите позиции од листата на цени во спротивно понудата ќе се смета некомплетна и неприфатлива.
Детална спецификација на понудената опрема
Податоци за времетраењето и видот на понудената гаранција

III.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

Според тоа, вкупната цена на нашата понуда за **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** вклучувајќи ги сите трошоци и попусти во денари без ДДВ, изнесува:

________________________________________________

________________________________________________

*[со бројки и букви во денари ]*

Вкупниот износ на ДДВ изнесува:

________________________________________________

________________________________________________

*[со бројки и букви во денари ]*

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, со ДДВ, изнесува:

________________________________________________

________________________________________________

*[со бројки и букви во денари ]*

Рок на испорака________________________________________

**Составен дел на понудата е листата на цени и истата е потребно да се пополни**.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум Одговорно лице

________________________ ________________________

(потпис и печат)

**И З Ј А В А**
**(за гаранција за квалитетно извршување на договорот)**

Изјавуваме дека доколку ни биде доделен договорот за набавка по огласот бр.**06/2013** за доделување на договор за **Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** во рок од 5 (пет) дена од денот на склучувањето на Договорот ќе доставиме банкарска гаранција или депонирани парични средства за навремено, квалитетно и според условите од договорот завршување на набавката, во висина од 10% од вредноста на Договорот, за период до завршување на набавката.

Скопје, __.___.2013 г. Понудувач,

___________________
(печат и потпис)

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот

______________________________________________________________

*[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во законот и во тендерската документација по огласот за доделување на договор за јавна набавка **бр.06/2013 за Набавка на персонални компјутери, ласерски печатари, скенери, принтери и друга опрема** *[се внесува предметот на договорот за јавна набавка]* објавен од страна на ____________________________________ *[се наведува називот на договорниот орган]* со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум Овластено лице

___________________________ ___________________________

(потпис и печат)

**Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот_________________________ ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум

Овластено лице

_____________________________

_____________________________

(потпис и печат)